**ИНДЕКС НА КОРУПЦИЈА**

**Република Македонија** **26.10.2010, Скопје**
**Ранг: 62-ро место**

Според индексот на перцепција на корупцијата изработен од страна на „Транспаренси интернешнл“ Република Македонија е на 62-то место со 4,1 индексен поен, што е подобрување за девет позиции од лани кога беше 71. со 3,8 индексни поени. Подобрувањето на индексниот поен оваа година во однос на лани е за 0,3.

Индексот на перцепција на корупцијата го покажува степенот на корупција перципирана во јавниот сектор. Државите се оценуваат со скала од 10 (многу чисти од корупција) до нула (многу корумпирани).

Во објавениот извештај за 2010, Македонија е во групата на земји кои бележат значително подобрување за разлика од 2009 година, заедно со Бутан, Чиле, Еквадор, Гамбија, Хаити, Јамајка, Кувајт и Катар. Значително опаѓање на индексот на перцепција на корупцијата е констатиран кај Грција, Унгарија, Чешка, Италија, Мадагаскар, Нигерија и САД.

Во досегашните десет рангирања Македонија постојано бележи подобрување во индексот на перцепција, но поради фактот дека сеуште е во групата на земји со индексни поени под пет има уште многу работа на ова поле.

Годинашното 62-ро место на листата на Транспаренси Македонија го дели со Хрватска, Гана, Самоа. На листата на „Транспаренси интернешнл“ од земјите во регионот на Југоисточна Европа и централна Азија подобро рангирана од Македонија е Турција на 56. место, а послабо Црна Гора на 69. место со 3,7 индексни поени, Србија на 78. со 3,5, Албанија на 87. со 3,3, Босна и Херцеговина на 91 со 3,2 индексни поени. Косово, кое е првпат вклучено во истражувањето што опфати вкупно 178 држави, е на 110. позиција на листата со 2,8 индексни поени.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

Најдобро рангирани на листата се Данска, Нов Зеланд, Сингапур, Финска и Шведска, кои имаат 9,3 индексни поени, а најлошо Иран, Авганистан, Мјанмар и Сомалија.

Корупцијата, покажува Извештајот, е пречка за постигнување на потребниот прогрес иако владите вложуваат огромни финансии за да се справат со најголемите проблеми како резултат на нестабилноста на финансискиот пазар, климатските промени и сиромаштијата.

Индексот на перцепција на корупцијата е комбинација на анкети и нацрт на податоците поврзани со корупција од експертски и бизнис истражувања спроведени од различни независни реномирани институции. Во годинашниот Извештај се опфатени 13 истражувања од 10 институциите.

Македонија првпат беша рангирана според индексот на перцепција на корупцијата во 1999 година кога се најде на 63. место со 3,3 поени. Во 2003 година беше 106. со 2,3 индексни поени, 103. и 105. во 2005 и 2006 година со 2,7 поени, на 84. и 72. место во 2007 и 2008 со 3,3 односно 3,6 поени, а лани беше позиционирана на 71. Место со 3,8 индексни поени.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk